**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

До

_______________________

_______________________

**Предмет**: Покана за Обука од областа на внатрешната ревизија

Почитувани,

Следејќи ги потребите за постојана професионална обука и надградба, базирани на барањата од членовите, како и анализата на потребите за обука подготвена од Здружението на финансиските работници, ја продолжуваме долгогодишната практика на организирање обуки од областа на внатрешната ревизија.

Нашата цел е почитувајќи ги улогата и значењето на внатрешната ревизија во **системот на јавна внатрешна финансиска контрола** на правните субјекти од јавниот сектор, да ги зголемиме вештините и искуствата на внатрешните ревизори во јавниот сектор, создавајќи можност за размена на меѓусебните знаења и искуства. За таа цел, Здружението на финансиските работници во периодот од **19 до 21 Октомври 2023 година во хотел „Дрим" – Струга** организира практична обука на тема:

**ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Практичната обука ќе ја реализира експертски тим во состав:

- **Љирим Амити**, практичар и професионален обучувач со огромно долгогодишно работно искуство во областа на внатрешната ревизија. **Љирим Амити беше ангажиран како обучувач при сертификацијата на внатрешни ревизори во јавен сектор, организирана од Министерството за финансии на РСМ, во соработка со Центарот за развој на финансиите (CEF) од Словенија и Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон, Велика Британија, исто така долгогодишен обучувач во внатрешната ревизија, внатрешната контрола, управувањето со ризици и измамите.**
- **Виолета Шаклева,** практичарка и експертка од областа на јавните набавки, магистер по менаџмент на јавни набавки и магистер на науки во правни студии. Шаклева има повеќе од 20 години искуство во областа на консултантските услуги за јавните набавки и во јавно и приватно партнерство.

Во текот на обуката, која е дизајнирана како интерактивна средба, учесниците ќе разменуваат знаења и искуства и ќе решаваат практични примери на следните теми:

- Правна и институционална рамка на  јавните набавки
- Начела на јавните набавки
- Лица вклучени во јавните набавки ,корупција и судир на интереси
- Електронски систем за јавните набавки (ЕСЈН)
- Специфични ризици и можност за превенција во јавните набавки
- Развивање на планови за внатрешна ревизија базирана на ризици, ревизорските цели и ревизорската програма на јавните набавки
- Проценка на внатрешна контрола во процесот на јавни набавки
- Улогата на внатрешниот ревизор во откривање, испитување, спречување и известување на измами кај јавните набавки
- Методологија на анализа на основните причини на наодите од ревизијата
- Известувањето на ревизија за јавните набавки.

**Учесниците ќе добијат Сертификат за учество на обуката.**

Почетокот на обуката е предвиден за **19 Октомври 2023 година во 10.00 часот**.

**Надоместокот за присуство на обука по посетител изнесува 8.000 денари со вклучен ДДВ** во кој се содржани: надоместок за работни материјали, освежување и кафе за време на паузите.

Котизацијата можете да ја уплатите на име на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број МК4004997107233.**

Пријавувањето на учеството на обуката може да го извршите со пополнување на формулар кој е поставен на нашата веб страна **www.zfr.org.mk**, како и со доставување по пошта или на email kontakt_zfr@yahoo.com и verica.zfr@yahoo.com

**Транспортот и сместувањето се на товар на учесниците.** Заинтересираните учесници потребно е благовремено да извршат резервација за сместување во хотел „Дрим" – Струга, на тел.: 072/274-733.

За сите дополнителни информации во врска со обуката и пријавување на учество обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници на тел./факс 043/230-623, 043/230-625 и моб. 070/265-401 или преку e-mail: kontakt_zfr@yahoo.com и verica.zfr@yahoo.com

Со задоволство го очекуваме Вашето активно учество.

Со почит,

**Извршен директор**
м-р Зоран Јанкуловски